13

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**ХОПС- Опции за здрав живот Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

"Превенција на КОВИД-19 меѓу лица кои се зависни од droги, сексуални работници и нивните семејства"

(Име на проектот)

Скопје, 28.01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-35/1 од 19.06.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение ХОПС- Опции за здрав живот Скопје |
| Наслов на проектот | Превенција на КОВИД-19 меѓу лица кои се зависни од droги, сексуални работници и нивните семејства |
| Период на спроведување на проектот | од 20.06.2020 година до 31.12.2020година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Хајди Штерјова Симоновиќ |
| Проектен менаџер | Елеонора Чичевска |
| Телефон и е-пошта за контакт | hops@hops.org.mk 02/3246-205<br>eleonora_1234@hotmail.com 070/457-207 |
| Цел на проектот | Намалување на последиците од КОВИД-19 во Република Северна Македонија преку превентивни активности и директна поддршка кон луѓето кои се зависни од дроги, сексуалните работници и нивните семејства |
| Целна група | Луѓе кои се зависни од дроги, членовите на нивните семејства, сексуалните работници и членовите на нивните семејства. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Град Скопје и најблиската околина |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 809.593 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 809.141 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.
(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Превентивните активности кои беа предвидени со овој проект, во целост беа реализирани од страна на тимот на ХОПС. Од самиот почеток на имплеменитирањето на овој проект започнаа да се реализираат поединечните едукативни советувања за превенција од КОВИД 19 со цел да се зголеми нивото на знаења и информираност помеѓу оваа целна група на луѓе. Откако беше обезбедена материјалната помош, теренскиот тим со помош на теренско возило ги дистрибуираше пакетите до самото живеалиште на клиентите и дел од пакетите беа поделени во рамки на центрите. Со започнување на работата на Центрите, беа набавени сите заштитни материјали (заштитни паравани, маски за еднократка и повеќекратна употреба, ракавици, диспанзери, дезнфекциони средства и сл) за успешно функционирање и заштита на тимот и клиентите. Континуирано се одржуваа состаноци со цел да се следи реализирањето на активностите. На социјалните медиуми се објавуваа резултати од активностите на овој проект, се правеа кампањи каде беа презентирани владините мерки за заштита од КОВИД 19 со цел да се допре до поголем број на луѓе кои ќе ги почитуваат и практикуваат овие заштитни мерки со што ќе се допринесе до поголема превенција од вирусот КОВИД 19. Со успешното реализрање на сите активности се постигнаа предвидените цели опфатени преку овој проект.


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Поединечни едукативни советувања за превенциија на КОВИД 19 во Центрите на ХОПС или на терен | Едукативните советувања започнаа да се спроведуваат тековно при посета на терените за луѓето кои употребуваат дроги, реализација на теренските активности со сексуални работници и нивните семејства. Со овие советувања клиентите се информирани за начините на превенција од КОВИД 19, навремено препознавање на симптомите и упатување до здравствени институции доколку лицето препознае некој сипмтом кај себе или кај негов близок член на семејство. Овие информации се даваа и на клиентите кои ги посетуваат Центрите за ХОПС со цел да се намали ризикот од КОВИД 19 или навремено дијагностицирање и третирање на овој вирус, за да не се врши трансмисија и кај други лица. | јули- декември 2020 | Со реализација на овој проект реализирани се **305** едукативни советувања со луѓето кои употребуваат дроги и **250** едукации со сексуалните работници и нивните семејства. |
| Изработка на едукативни брошури за превенција на КОВИД 19 кои ќе се делат на луѓето зависни од дроги, секдсуалните работници и членовите на нивните семејства | Изработката на информативно-едукативни материјали претставуваат печатени материјали кои содржат информации за мерките за заштита од КОВИД 19, препознавање на симптомите и телефонски броеви од здраствени институции доколку лицето се сомнева дека е заболен од КОВИД 19 или има потреба од доплнителна консултација со доктор. Поголемиот дел од информациите кои се опфатени во лифлетите содржат и илустративен приказ односно слика за да биде полесно разбирливо за оние клиенти кои немаат доволен степен на едукација и писменост.<br>Брошурите се дизајнирани специфично за двете целни групи, односно едни лифлети се наменети за луѓето кои употребуваат дроги и лифлети за сексуалните работници При делење на пакетите како и при реализација на едукативните советувања, едукативните материјали се дистрибуираа и објаснуваа на нашите корисници на услуги. | Јули 2020г | Преку овој проект беа изработени вкупно **3500** информативни материјали (брошури), од кои 2300 наменети за луѓето кои употребуваат дроги и 1200 за сексуалните работници и нивните семејства. |
| Делење на едукативните брошури за | Делењето на едукативните материјали се одвиваше при реализиција на теренските активности со луѓето кои | август-декември 2020г | Во рамки на проектот поделени се **2300** брошури помеѓу луѓето кои |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| превенција на КОВИД 19 помеѓу луѓето зависни од droги, сексуалните работници и членовите на нивните семејства | употребуваат дроги, сексуалните работници и нивните семејства. Покрај корисниците на нашите услуги,овие информативни материјали беа доставувани и до релевантни институции со кои соработува ХОПС ( Центар за превенција и третман за зависности од дроги - Кисела Вода, Центар за превенција и третман на злоупотреба и зависност од дроги ГОБ “8ми септември” и Клиника за Токсикологија). | | употребуваат дроги и **1200** брошури помеѓу сексуалните работници. |
| Кампања на социјалните медиуми (фејсбук, твитер) за превенција на КОВИД 19 и почитување на мерките донесени од Владата на Република Северна Македонија | За полесен пристап до информации на корисниците на дроги и сексуалните работници на социјаните медиуми на ХОПС беа објавени лифлетите кои содржат информации и корисни совети за луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници за превенција од КОВИД 19. Спроведувањето на онлајн кампања имаше за цел да допре до поголем број на луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници, да се зголемеи нивото на знаења и информираноста за начините на превенција на КОВИД 19 и за мерките на Владата на Република Северна Македонија кои се однесуваат на КОВИД 19. | јули- декември 2020г | Во текот на спроведувањето на проектот беа изработени следниве кампањи:<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2664362187000566<br><br>HTTPS://WWW.INSTAGRAM.COM/P/CFEZHDKSSDF/<br><br>https://hops.org.mk/lifleti-so-informacii-kako-da-se-zashtitime-od-kovid-19/<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2547445298692256<br><br>https://hops.org.mk/preventcija-na-kovid-19-pomegu/?fbclid=IwAR1wNW8TeSOhBw1ckS-dT5PwIL9o9dCDNFNePCRP4f3VfNZ7PDcbx70XAwg<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2796323120471138<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2906012009502248<br><br>https://www.facebook.com/hops.org/posts/2745335858903198<br><br>https://twitter.com/HOPS_mk/status/1326099956990681088?fbclid=IwAR0VTOhT29m9cMuxvVDtqn2QJDKKMNM27-zKrKTGmRNgAFulOs_NIKEQFSg<br><br>https://twitter.com/HOPS_mk/status/1318906757649993729?fbclid=IwAR3SbAiK7SAfpMa9pYN0bE0PcgHWGGJwek6YpgQFnI2-6M_8Ub4W2WGv9Wc<br><br>https://www.instagram.com/p/CHTNmnnrYvF/?igshid=14b9gxy9uilfb&fbclid=IwAR2Do3_g-H07BlyUQodTNNR7pi2NMChN2YWaCq3sWruTeGhcCSxfj3xH7Po |
| Набавка на потребни прехрамбени и хигиенски продукти ( | Набавката на хигиенски пакети и пакети со храна се одвиваше согласно важечките закони и организациски | јули- декември 2020г | - Набавени 300 пакети со храна<br>- набавени 300 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| храна, средства за дезинфекција, маски, лекови) | правила и протоколи за набавки од ваков вид. Беа обезбедени два вида на пакети односно основни пакети и пакети за бездомни лица. Пакетите за бездомните лица содржат најчесто конзервирана храна или готови јадења адаптирани на потребите на овие клиенти.<br>Набавени се лекови односно имуностимуланси за зајакнување на имунитетот кај луѓето кои употребуваат droги и сексуалните работници.<br>За заштита на тимот на ХОПС беа обезбедени и заштитни ракавици, заштитни маски наменети за ангажираните лица во ХОПС, заштитни маски за еднократна употреба, визири, заштитни паравани за безбедна работа во Центрите на ХОПС, диспанзери за сапун, хартија за раце и тоалетна хартија, заштитни паравани, средства за дезинфекција на простор, средство за дезинфекција на раце. | | пакети со хигиенски производи<br>- 25 визири<br>- 150 заштитни маски за повеќекратна употреба на вработените<br>- 6 парчиња заштитни паравани<br>- Медицински ракавици 32 пакувања по 100 парчиња<br>- 1100 заштитни маски за еднократна употреба<br>- Тоалетна хартија 200 парчиња<br>- Хартија за раце 91 парче<br>- 6 х Диспанзери за сапун,хартија за раце и тоалет<br>- течен сапун 10 х 5Л<br>- Средство за децинфекција на простор 16Л<br>- Средство за дезинфенција на раце 17 парчиња.<br>- - Дезинфекционен гел за раце 40 паричиња<br>- Витамин Ц х 70 пакувања<br>- Витамин Б6 х 43 пакувања<br>- Кафетин колд х 10 пакувања<br>- Парацетамол х 30 ленти<br>- Аналгин х 30 ленти<br>- Мултивитамини х 100 парчиња<br>- Олигогал ЦЕ х 5 пакувања<br>- Магнезан Неуро х 10 пакувања<br>- Селен + Цинк директ 10 х 20 апчиња |
| Дистрибуција на пакетите со храна и | Дистрибуирањето на пакетите со хигиенски производи и пакетите со | јули- декември 2020г | Дистрибуирани се вкупно **300** пакети со храна и **300** |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| хигиенски продукти до корисниците на услугите на ХОПС | храна се одвиваше на терен и во Дневните центри на ХОПС. Дел од клиентите кои не беа во можност да ги посетат центрите, од страна на тимот со теренско возило беа посетувани во нивните живеалишта каде им беа доставувани пакетите со храна и хигиенски производи. Голем интерес помеѓу корисниците на услуги на ХОПС предизвика оваа активност. Секојдневно тимот на ХОПС беше контактиран од страна на голем број клиенти за да добијат материјална помош. Тимот на ХОПС одлучи сепак приоритет да добијат оние клиенти кои економската КОВИД криза најтешко ги погоди и кои се материјално најзагрозени и необезбедени. | | пакети со хигиенски производи, од кои **194** на луѓето кои употребуваат дроги и **106** на сексуалните работници и нивните семејства.<br>Поделени се **602** суплементи за зајакнување на имунитетот помеѓу луѓето кои употребувааат дроги и **258** помеѓу сексуалните работници и нивните семејства. |
| Координација на тимовите на ХОПС за успешно спроведување на сите предвидени активности | За да се одржи тековно следење на активностите и навремено обезбедување на сите потребни материјали за успешно спроведување на активностите, координаторот заедно со останатите членови на тимот одржуваа редовно состаноци, каде се дискутираше за планот и работата за проектни активности и се разменуваа информации.<br>Координацијата со работата на тимот се одвиваше со одржување на месечни координативни состаноци и телефонски контакти со членовите на тимот како и координирање на активности поврзани со печатење на лифлетите и набавката на хуманитарните пакети. | јули- декември 2020г | Со цел за успешно спроведување и координирање на предвидените активности координаторот заедно со целокупниот тим вклучен во проектот одржаа **9** состаноци. |
| Континуирано објавување на резултатите и активностите од овој проект на социјалните медиуми | За поголема видливост и транспарентност на активностите кои се реализираат со помош на овој проект, се изготвуваа објави на социјалните медиуми каде подетално беа прикажани кои активности се предвидени и на кој начин тие се реализираат. | јули- декември 2020г | Прилог на линкови за објави поврзани за резултатите и активностите од овој проект:<br><br>https://twitter.com/HOPS_mk/status/1309417582588497921<br><br>HTTPS://BUSINESS.FACEBOOK.COM/HOPS.ORG/POSTS/2670103873093064<br><br>https://hops.org.mk/realizacija-na-aktivnosti-od-proektot-prevencija-na-kovid-19-megu-lica-koi-upotrebuvaat-drogi-seksualni-rabotnitsi-i-nivnite-semejstva/?fbclid=IwAR0gJoyC-dMHLuCqJByzccXNoQSEm0wfgXjz- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Oc0ExHqfTq_y9g_h5BqDcU<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2907578002678982<br><br>https://business.facebook.com/hops.org/posts/2906012009502248<br><br>https://www.facebook.com/hops.org/posts/2776036715833112<br><br>https://twitter.com/HOPS_mk/status/1323230021817896960?fbclid=IwAR1uI94spXhdY_0cjrJRw17IzpoKJxj6YFr3ZgHuteBNRBVUbpvndMABmOY<br><br>https://www.instagram.com/p/CHFk4rcLPTi/?igshid=cxjz8y686593&fbclid=IwAR2isHR97tKNDKkaH6BLUCheX1nESglx9HCjHr_ai6OSViFq1y8X26dmOug |

| |
|---|
| **4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот) |

Започнувањето со реализација на активностите предвидени од овој проект беа пролонгирани поради донесената одлука на Државната комисија за спречување на корупција. Иако се започна подоцна со спроведувањето на активностите од предвидениот план, сепак сите активности успешно се имплементираа.

При реализација на предвидените активности тимот кој ги спроведува проектните задачи се соочија со одредени проблеми кои влијае на временското спроведување на активностите. Имено при собирањето на понуди за храна и хигиенски производи од страна на доставувачите немаше голем интерес и поркај доставените барања од страна на ХОПС. Со тоа активноста – делење на хуманитарни пакети беше подоцна реализирана од предвидениот план на тимот на ХОПС.

При направената објава на социјалните медиуми дека Здружението ХОПС- Опции за здрав живот Скопје со финансика поддршка од Владата на Република Македонија спроведува активност за дистибуција на хуманитарни пакети за клиентите на ХОПС, предизвика голем интерес и кај останатата популација, односно на фејсбук страната на ХОПС се добиваа пораки од луѓе кои не се целна група на ХОПС каде поставуваа прашања за можност и тие да добијат пакет храна и хигиенски производи. Во дел од примените пораки ХОПС регистрира и говор на омраза за нашите целни групи.

Теренскиот тим кој ги спроведува предвидените проектни активности, при дистрибуција на пакетите со храна и хигиенски продукти идентификуваа проблем од страна на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници во однос на можноста за повеќекратно добивање на помош од ваков тип. Имено поголем број од луѓето кои ги контактира ХОПС, се наоѓаат во тешка социо-економска состојба и материјално се необезбедени. Со прогласувањето на вонредната состојба во државата, предизвикана од вирусот КОВИД 19, тие директно беа погодени, особено сексуалните работници на кои единствен приход им беше заработката од сексуалната работа. Бидејќи станува збор и за луѓе кои живеат во многудетни семејства, добивањето на еднократна материјална помош од страна на ХОПС не беше доволно за нив и нивните семејства. При самата дистрибуција на пакетите, луѓето кои беа опфатени со

оваа материјална помош, беа задоволни од доставената помош и благодарни што им е дадена поддршка во ова време. Но, тие како ранлива категорија на луѓе, не беа опфатени со сетот на мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија и нивната економска и финансиска стостојба драстично беше влошена.

Доколку континуирано им се обезбедува директна помош од ваков тип или добијат можност да бидат опфатени во поголем број на сетот од мерки кои ги донесе Владата на РСМ, тогаш значително ќе им се помогне на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници во подобрувањето на нивните социо- економски права и егзистенцијални потреби.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| | | | |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Со помош на финансиската поддршка од Владата на РСМ која ја доби Здружението ХОПС- Опции за здрав живот Скопје и сите предвидени активност во овој проект, направија значаен придонес за подобрување на социо- економската положба на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници и нивните семејства во време на криза предизвикана од вирусот КОВИД 19. Преку овие активности се превенираше ширење на вирусот КОВИД 19 помеѓу оваа целна група. Благодарение на информативните брошури кои беа дизајнирани и поделени, поединечните едукативни советувања, како и кампањите кои се спроведуваа на социјалните медиуми на ХОПС, корисниците на нашите услуги добија соодветни знаења и информации за заштита од овој вирус. Во вкупниот опфат на клиенти со овие активности, од страна на тимот не беше забележан евидентиран позитивен случај на КОВИД 19 помеѓу луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници, што го потврдува фактот за успешноста на овој проект.

Со директната помош ( пакети со храна и хигиенски средства, суплементи за подобрување на имунитетот, заштитни маски и сл) се овозможи егзистенцијална поддршка на овие луѓе, иако не беше доволна но сепак значајна во овој период за нив и нивните семејства.

Здружението ХОПС и понатаму ќе продолжи да работи првенствено на намалување на стигмата и дискриминацијата на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници и нивните семејства како и на превенција од КОВИД 19 како што тоа го правеше и од самиот почеток на пандемијата. Во периодот кој следува тимот ќе продолжи да дава информации и едукации за превенција од КОВИД 19 на социјалните медиуми , во Дроп ин центрите како и при посета на клиентите во нивните живеалишта односно преку теренските активности. Бидејќи сеуште клиентите имаат потреба од директна материјална помош, ХОПС ќе работи на обезбедување на дополнителна финансиска и материјална помош преку различни извори на финансирање и поддршка од други владини и невладини институции и организации.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **306,000** | **306,000** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **71,100** | **71,298** | **Одобрена пренамена во износ од 484, 00 ден.** |
| **III. Директни трошоци** | **432,493** | **431,843** | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **809,593** | **809,141** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

- Листи за опфат на клиенти со поединечни советувања за превенција од КОВИД 19
- Листи за евиденција на услуги ( поделени пакети со храна и хигиенски производи, суплементи за подобрување на имунитетот и поделени брошури)
- фотографии
- Периодични извештаи
- Примерок од брошура
- Завршен финансиски извештај со доставена документација од: копија од профактури, фактури, испратници, фискална сметка за плаќање во готово, договори, патни налози, изводи за реализирана исплата, извод од плаќање со VISA картица за спонзорирани објави, целосна документација за собирање понуди за пакети со средства за лична хигиена и пакет храна, вирман за поврат на непотрошени средства, документ за одобрена пренамена на средства.

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 28. 01. 2021 год
(Место) (датум)

Хајди Штерјова Симоновиќ – Извршна директорка
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)